# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| **Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба** | **02 Октомври 2017 година Скопје Бр.15 Год. XII** |

**www.opstinagpetrov.gov.mk** **kontakt@opstinagpetrov.gov.mk**

**Издавач:** Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
**Уредува:** Одделение за нормативно-правни работи и
работа со Советот
**тел.** 02/2039-307 ; 02/2039-308
**фах.** 02/2033-309


***Содржина:***


1. Одлука за усвојување на Годишен Извештај за работа на ЈОУДГ „Росица“-Ѓорче Петров, Скопје за 2016/2017 година.....стр.2
2. Одлука за усвојување на Програма за работа на ЈОУДГ „Росица“-Ѓорче Петров, Скопје за 2017/2018 година.....стр.4
3. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за организирање на Подрачно општинско основно училиште во состав на ООУ „Димитар Поп Георгиев – Беровски.....стр.6
4. Одлука за давање согласност за продолжување на рок за изградба на приватниот партнер „Трансмет“ ДОО – Скопје.....стр.8
5. Одлука за усвојување на ажурирани Процена на загрозеност од ризици и План за заштита и спасување за 2017 година.....стр.10


**Октомври 2017 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за усвојување на Годишен Извештај за работа на ЈОУДГ „Росица"-Ѓорче Петров, Скопје за 2016/2017 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Годишниот Извештај за работа на ЈОУДГ „Росица"-Ѓорче Петров, Скопје за 2016/2017 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Седумдесет и четвртата Седница на Советот, одржана на ден 02.10.2017 година.

**Број 09-2844/1**
**Од 02.10.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Ѓорче Петров Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на статututот на Општина Ѓорче Петров „Службен Весник" бр 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 74-тата седница, одржана на ден 02.10.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен Извештај за работа на Јавната Општинска Установа за деца-детска градинка „Росица",**
**за период од 2016/2017 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Годишниот Извештај за работа на Јавната Општинска Установа за деца-детска градинка „Росица" за период од 2016/2017 година.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-2794/3**
**Од 02.10.2017 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен  Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1  точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за усвојување на Програма за работа на ЈОУДГ „Росица“-Ѓорче Петров, Скопје за 2017/2018 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Програмата за работа на ЈОУДГ „Росица“-Ѓорче Петров, Скопје за 2016/2017 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Седумдесет и четвртата Седница на Советот, одржана на ден 02.10.2017 година.

**Број 09-2844/2**
**Од  02.10.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/2013), Статутарната одлука за измена и дополнување на статututот на Општина Ѓорче Петров „Службен Весник" бр 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 74-тата седница, одржана на ден 02.10.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишна Програма за работа на Јавната Општинска Установа за деца-детска градинка „Росица" за период од 2017/2018 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров ја усвои Годишната Програма за работа на Јавната Општинска Установа за деца-детска градинка „Росица" за период од 2017/2018 година.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-2794/4** — **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Од 02.10.2017 година** — **Претседател,**
**С к о п ј е** — **Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за организирање на Подрачно општинско основно училиште во состав на ООУ „Димитар Поп Георгиев – Беровски**

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за организирање на Подрачно општинско основно училиште во состав на ООУ „Димитар Поп Георгиев – Беровски, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Седумдесет и четвртата Седница на Советот, одржана на ден 02.10.2017 година.

**Број 09-2844/3**
**Од 02.10.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 20 од Законот за основно образование (Службен Весник на Р,М бр. 103/88, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012 и 24/2013), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарната одлука за измена и дополнување на статututот на Општина Ѓорче Петров „Службен Весник" бр 13/14) и Согласноста за организирање на подрачно основно училиште во населба Хром во состав на ООУ „Димитар Поп Георгиев-Беровски" број 11-3780/4 од 22.08.2013 година, Советот на Општина Ѓорче Петров на 74-тата седница одржана на ден 02.10.2017 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за измена и дополнување на Одлуката**
**за организирање на Подрачно општинско основно училиште**
**во состав на ООУ „Димитар Поп Георгиев-Беровски"**

**Член 1**

Се врши измена и дополнување на Одлуката за организирање на Подрачно општинско основно училиште во состав на ООУ „Димитар Поп Георгиев – Беровски (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 12/2013), и тоа :

Во член 2 од Одлуката зборовите „од Прво до Петто" се заменуваат со зборовите „од Прво до Деветто".

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-2794/5** | **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Од 02.10.2017 година** | **Претседател**
**Скопје** | **Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за давање согласност за продолжување на рок за изградба на приватниот партнер „Трансмет" ДОО – Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност за продолжување на рок за изградба на приватниот партнер „Трансмет" ДОО – Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Седумдесет и четвртата Седница на Советот, одржана на ден 02.10.2017 година.

**Број 09-2844/4**
**Од 02.10.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002), член 16 став 1 точка 37 од Статут на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 18/2013), Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14) и член 13 став 2 од Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на административно-деловна зграда и подземен паркинг простор бр.03-121/19 од 26.06.2013 година, Советот на Општина Ѓорче Петров на 74-тата седница одржана на ден 02.10.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за продолжување на рок за изградба на приватниот партнер „Трансмет“ ДОО - Скопје**

**Член 1**

Со одлуката се дава согласност на Приватниот партнер Друштвото за градежништво, транспорт и трговија „ТРАНСМЕТ“ ДОО - Скопје, за продолжување на рокот за изградба на административно-деловнта зграда утврден во член 13 став 1 од Договорот за воспоставување на Јавно приватно партнерство број 30-121/19 склучен на ден 26.06.2013 година.

Рокот за изградба на административно-деловниот објект дополнително се продолжува и тоа:

- за делот кој што треба да припадне на Општината три месеци сметано од 03.10.2017 година, односно до 31.12.2017 година.

**Член 2**

Се овластува градоначалникот на општина Ѓорче Петров да склучи анекс-договор кон основниот договор за продолжување на рокот за изградба на административно-деловниот објект.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-2794/6**
**Од 02.10.2017 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за усвојување на ажурирани Процена на загрозеност од ризици и План за заштита и спасување за 2017 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на ажурирани Процена на загрозеност од ризици и План за заштита и спасување за 2017 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Седумдесет и четвртата Седница на Советот, одржана на ден 02.10.2017 година.

**Број 09-2844/5**
**Од 02.10.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 5 став 3 од Законот за управување со кризи (Службен Весник на Р.М. бр.29/05 и 36/11), ќлен 14 став 1 од Уредбата за Методологијата за ажурирање на Проценатa (Службен Весник на Р.М. бр. 13/11), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 74-тата Седница одржана на ден 02.10.2017 година, донесе:

## О Д Л У К А
## за усвојување на ажурирана Проценатa
## на загрозеност од ризици и ажуриран План за заштита и спасување

### Член 1

Се усвојува ажурирана Процена на загрозеноста од ризици и опасности за настанување на кризни состојби на подрачјето на Општина Ѓорче Петров.

### Член 2

Се усвојува ажуриран План за зачтита и спасување од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Ѓорче Петров.

Планот ги опфаќа следните мерки и документи:

Урбанистичко-технички мерки

1. Засолнување;
2. Заштита и спасување од поплави;
3. Мерка за заштита и спасување од пожари на објекти;
4. Мерка за заштита и спасување на отворен простор;
5. План за превземање на превентивно-оперативни мерки за противпожарна заштита на отворен простор;
6. Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства;
7. Заштита и спасување од урнатини.

Хуманитарни мерки

1. Евакуација;
2. Згрижување на загрозено и настрадано население;
3. Радиолошка, хемиска и биолошка заштита;
4. Прва медицинска помош;
5. Асанација на теренот.

Други мерки

1. Мерка за заштита и спасување од снежни врнежи, наноси, лавини и невреме;
2. Програма за заштита, спасување и кризи за 2017 година;
3. Оперативен план на активности пред и во тек на појава на заразни заболувања на територијата на Општина Ѓорче Петров;
4. План за заштита на животната средина и природата;
5. План за врски.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-2794/7**
**Од 02.10.2017 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Гоце Петрески с.р.**